22785

Вечер, 10.IV.76г

# (Не)актуелни

Авторот на збирката карикатури „Циркус“, дипл. инженер ДИМИТАР ЧУДО, со актуелните карикатури од областа на спортот, што секоја недела се „присутни“ во ТВ спортското забавно попладне — го привлече вниманието на љубителите на оваа уметност:

**— Во последно време, живеам спортски живот. Ете, така, можеби, јас сум единствен карикатурист кој се занимава со спорт. А дека е така, можам да потврдам. Постојано сум активен. Трчам од стадион на стадион, ѕирнувам детали од фудбалски и други средби и се враќам во светот на карикатурата. Што се однесува за карикатурите од областа на спортот, има една специфичност. Тие се слични на цутот: кусо траат, но целите блескаат. Со други зборови: во еден момент се актуелни, а потоа згаснуваат. Не можам да ги употребам во мојата најнова збирка, што ја подготвувам подолго време. И уште нешто. Откако моите карикатури се појавија на малиот екран, луѓето многу повеќе ме препознаваат отколку со моите две книги во кои се содржани трајно актуелни карикатури.**